Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 01-1929/2
29-06-2023

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/2019 и 110/2019) и член 68 став 4 од Законот за надворешни работи ("Службен весник на РМ" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Агенцијата за храна и ветеринарство објавува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС бр. 1/2023

за пополнување на работно место со дипломатско звање советник кое одговара на раководни административни службеници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел (за еден извршител)

1. Се огласува потреба од пополнување на работно место со дипломатско звање советник (за еден извршител), кое одговара на раководни административни службеници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел, со мандат до три години.
2. Кандидатите кои конкурираат, на денот на објавување на конкурсот треба да ги исполнуваат следните услови:

а) да е државјанин на Република Северна Македонија;

б) да владее странски јазици, и тоа:

- да поседува меѓународно признат сертификат за познавање на англиски јазик: ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ТОЕФЕЛ (TOEFL),ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) или друг меѓународно признат сертификат/документ за познавање на англискиот јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно на Ц1 (C1) ниво на ЦЕФР (CEFR);
- да познава втор странски јазик различен од англискиот и тоа еден од официјалните јазици на Европската унија, на ниво еквивалентно на нивото Б1 на ЦЕФР (CEFR), што се докажува со сертификат/докумнет издаден од јазично училиште;

в) да има искуство во раководење и координација на процесот на евроинтеграција;

г) да достави пријава;

д) да достави мотивациско писмо (една страна);

ѓ) да достави кратка биографија (CV)

3. Индикативен датум на упатување е втора половина на 2023 година.
4. Рокот за пријавување на конкурсот, односно доставувањето на пријавата до писарница, е пет дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Потребните документи кандидатите треба ги поднесат во писмена форма преку Архивата на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија до Одделението за управување со човечки ресурси.

Ненавремено, нецелосно и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за пополнување на работно место со дипломатско звање советник кое одговара на раководни административни службеници во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ЕУ во Брисел, формирана од страна на директорот на Агенција на храна и ветеринарство на Република Северна Македонија составена од петчлена комисија и тоа: претседател и еден член се од редот на вработените во Министерство за надворешни работи, а тројца членови се претставници од Агенција за храна ветеринарство.

вд. Директор
Николче Бабовски